**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

ООУ „Крсте Петков Мисирков“ Оризари / Кочани

**за период од 2022 до 2024 година**



| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | „Крсте П.Мисирков” |
| Адреса | „Маршал Тито” Бр.20 |
| Телефон, е-пошта | (+ 033) 294 597 orizari_kpmisirkov@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 25.04.2024 – 15.07.2024 |
| Број на ученици во училиштето | 192 |
| Број на подрачни училишта | 1 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Милева Богданова |
| Потпис | |
| Датум | 09.08.2024 |
| **Одобрување од УО** | 01-305/2 |
| Име и презиме | Јасна Христова |
| Потпис | |
| Датум | 09.08.2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

Самоевалуација на училиштето: ООУ„ Крсте Петков Мисирков “ Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| – Програми на МОН и БРО<br>– Програми на наставни предмети (годишни, тематски, дневни)<br>– Записници од наставнички совети<br>– Родителски совет<br>– Родителски средби<br>– Одделнски дневници<br>– Годишна програма | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | - Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем по сите задолжителни и изборни предмети<br><br>Наставниците добиваат поддршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, јавни-отворени часови, презентирање на посетени семинари на останатите наставници. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниот кадар разменува меѓусебни искуства и идеи за сите видови на планирања. Наставниците размената на искуствата иинформациите за планирањето на наставниот процес ја прават преку размена на материјали и разговор со колеги од колективот и особено со колеги од истородни предмети (стручни активи).<br>Постои ефективна комуникација меѓу наставниците. На нив им се допаѓа работата во ова училиште. Наставниците, наставниците – ментори и стручната служба, во училиштето им даваат континуирана подршка на нововрабoтените наставници како и на наставниците - приправници. Наставниците се потикнуваат давоведуваат нови идеи. Постои меѓусебна почит меѓу на ставниоткадар и учениците, како и меѓу раководството и наставниците. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишни и полугодишни табеларни извештаи<br>- Инструмент за следење на изведбата на наставниот час<br>- Увид на час<br>- Годишни, тематски, дневни планирања<br>- Годишна програма за работа на директор<br>- Записници од увид на часови од страна на директорот на училиштето и стручната служба<br>- Дневници и дневни подготовки<br>- Наставни програми за секој наставен предмет | Реализација на наставни планови и програми | Во училиштето се одвива според соодветни наставни програми. Со цел за поквалитетна настава, наставниците користат различни извори и приоди за учење |
| | Избор на наставни предмети | Во месец мај се прават анкетни прашалници со помош на кои учениците и родителите си го бираат предметот кој ќе го следат следната учебна година |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои ги прилагодуваат кон потребите на учениците иприлагодени според наставните содржини. На овој начин наставниците мошне успешно ги развиваат вештините за учењеи усвојувања на знаењата кај секој ученик. Наставниците изготвуваат индивидуални наставни планови, дневни подготовки и подготовки за час со скратени или диференцирани програмски цели. Се изготвуваат и прилагодени критериуми иинструменти за оценување, според потребите на секој ученик сопосебни образовни потреби, индивидуално.<br>Компјутерската технологија наставниците ја користат за остварување на најразлични цели. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Комуникацијата на наставник и ученик е на ниво на взаемнопочитување, меѓусебна соработка и разбирање без оглед нанивниот пол, социјалното потекло и етничката и религискатаприпадност |
| | Реализација на образовна инклузија | На почетокот на учебната година, сите ученици добиваат бесплатни печатени и учебници, така што наставата уште на почетокот сеодвива без никаков проблем. |

| | | |
|---|---|---|
| - Анкетен прашалник за ученици | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во нашето училиште во сите наставни програми се вметнати МИО содржини со цел подобрување на меѓуетничката комуникација и надминувањето на етничките, културолошки и јазични препреки. Овие активности се спроведуваат во методските единици кои секој наставник индивидуално ги избира и кои што истите го дозволуваат. Секако тоа е евидентирано во подготовките за час. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Разговор со родителите, наставниците<br>- Распоред со утврдени термини за средба со родители<br>- Кодекс за однесување на родители, наставници и ученици | Средина и атмосфера за учење | Во разговор со учениците е констатирано дека им седопаѓа средината во која што учат и дека условите за работа и хигиената во училиштето се на задоволително ниво, што ни укажува дека во училиштето владее топла и професионална клима.<br>Во непосредни разговори со родителите дојдовме до информации за задоволството на учениците од наставниот и раководниот кадар како и за средината и условите во кои учат.<br>Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите.<br>Родителите можат да разговараат со наставниците за напредокот на своите деца во термини утврдени со распоред за средба.<br>Во училиштето постојат и кодекси за однесување за наставниците, за родителите и за учениците и истите се истакнати на видни места, а со заложба на вработените, истите се почитуваат. Родителите се задоволни од напредокот на нивните деца.<br>Според нив наставата во училиштето е добро организирана.<br>Задоволни се од информациите за напредокот на нивните деца.<br>Родителите чувствуваат слобода при комуникациија со вработените. Тие сметаат дека добро се управува и раководи со училиштето. Исто така сметаат дека домашните задачи и поголемиот дел на активности кои ги добиваат учениците од страна на наставниците се соодветни, интересни и пријатни. Според родителите состаноците меѓу родителите инаставниците се корисни и информативни. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар ги препознава образовните потребии недостатоци во процесот на учење на секој ученик. Се превземаат многубројни активности за исполнување на истите иотстранување на недостатоците.<br>За задоволување на воспитно образовниот процес на учениците, училиштето им обезбедува просторни услови и нагледни средства за работа. На почетокот на секоја учебнагодина се врши надополнување на нагледните средства со нови нагледни средства за работа. |

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Критериуми на оценување<br>- Увид во педагошка евиденција и документација<br>- Главни книги<br>- Статистички извештаи | Училишна политика за оценување | На одреден период во текот и крајот на учебната година секој одделенски раководител прави статистички извештаи за својата паралелка во однос на успехот, број на изостаноци, поведението на учениците. Понатаму овие статистички извештаи ги обработува стручната служба на ниво на училиште. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Оценувањето на учениците се изведува на два начина: писмено и усно. Писменото оценување се врши преку тематски тестови и писмени работи. При оценувањето се користат стандарди кои индивидуално се изработени од наставниците по одделни предмети. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Напредокот на учениците се следи континуирано по секојнаставен предмет. Секој ученик се оценува на тримесечие иоценките се внесуваат во електронски дневник и евидентни листови. На крајот на учебната година секојученик добива свидетелство. Учениците се оценуваат описно и бројчано. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат одформативното оценување во текот на годината.<br>Оценките за завршената година се внесуваат во главните книгикои остануваат како трајни документи во училиштето. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Сите податоци се внесуваат во годишната програма која е достапна во печатена форма и електронска форма и истата е прикачена на страната на училиштето. |

| Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| – Програми за воннаставни активности<br>– Освоени дипломи, награди, пофалници, признанија од учество на манифестации и натпревари<br>– Извештаи од учество на натпревари | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Со воннаставните активности го афирмираме училиштето во општината. Ученикот добива желба и стимул за да се занимава со некое хоби, да учествува на натпревари, корисно да го поминува слободното време и на тој начин училиштето им дава поддршка на учениците за нивниот личен и социјален развој. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Сите активности подеднакво им се достапни и на машките и женските ученици и се опфатени сите ученици на македонски јазик. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците се вклучени во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>Другите активности се произлезени од потребите и интересите на учениците<br>Во годишното планирање предвидени се посети, набљудувања, екскурзии, драмска секција, англиска секција, спортски секции, технички секции, хор. |
| | Натпревари | Нашето училиште редовно учествува на натпревари од различни области. Во рамките на училиштето се реализираат и натпревари за ликовен и литературен конкурс по повод одредени манифестации: ден на дрвото - екологија, ден на планетата Земја, патронен празник, хуманитарни акции и слично. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците редовно ги изработуваат предвидените планирања за реализација на наставните планови и програми. Постои разновидност во адекватни наставни форми и методи во работата соучениците. Одреден број на часови наставниците ги изведуваат со примена на ИКТ. Во наставните планови ипрограми се вметнати ЕКО и МИО содржини и истите се реализираат во текот на наставниот процес. Нема полова дискриминација. Талентираните ученици и учениците кои покажуваат слаби резултати посетуваат додатна и дополнителна настава и во рамките на други активности. Анализата, набљудувањето и дискусијата за успехот и поведението на учениците на релација наставник – ученик е на завидно ниво. Училиштето континуирано ја следи работата на наставниците, особено на наставниците почетници. Подршката и стручното усовршување на наставниците постои, но треба да биде на повисоко ниво. Учениците се охрабруваат за преземање лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во процесот на наставата и учење. Трудовите на учениците транспарентно се изложуваат и редовно се објавуваат на страната на училиштето. Работата на учениците постојано се следи од страна на наставниците. Секој наставник при оценувањето користи свој критериум на оценување и тоа според постигањата на учениците. Учениците добиваат информации за своите постигнувања |
| **Силни страни**<br>Позитивна клима за работа на наставниците и на учениците<br>Разновидност на наставни форми и методи<br>Различни форми на интеракција со учениците<br>Нема полова дискриминација<br>Соработка меѓу родителите и наставниците<br>Активно учество на учениците, наставниците и стручната служба во проекти<br>Редовно учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и постигнување на високи резултати.<br>Инклузија на учениците со посебни образовни потреби во секојдневната настава |
| **Слаби страни**<br>Недоволна стручна литература<br>Необновени учебници по голем број на наставни предмети<br>Недостаток на учебници по одредени наставни предмети<br>Недостасува стручно лице – специјален едукатор и рехабилитатор<br>Начинот на затоплување на просториите во ПУ во с.Прибачево<br>Реконструкција на санитарните јазли во с.Прибачево |

| **Приоритети** |
| --- |
| Обезбедување уште подобри услови за работа на наставниците и учениците, преку дообезбедување на дополнителна опрема и останати средства за непречено и полесно реализирање на наставно-образовниот од страна на наставниците, а се разбира и наставно-образовни средства и помагала за учениците кои ќе придонесат за полесно совладување на наставно-образовните содржини од страна на учениците<br>Стручно усовршување на наставниците по сите предмети во одредени области.<br>Поголема вклученост на наставниците и учениците во идни проекти .<br>Подобрена комуникација на релација родител – наставник – ученик.<br>Обезбедување на стручно лице кое ќе помага на учениците со потешкотии во наставата.<br>Учество на училиштето во проекти и останати проекти кои би биле од интерес и значење за училиштето. |

| Анализа - бројчено/процентуално од Прашања за наставници | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам/ Немам информација** |
| Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | 76% | 24% | / | / | / |
| Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 88% | 12% | / | / | / |
| Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 76% | 24% | / | / | / |
| Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 60% | 32% | / | / | 8% |
| На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 76% | 24% | / | / | / |
| Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 72% | 28% | / | / | / |
| На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 72% | 24% | / | / | 4% |
| Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. | 80% | 16% | / | / | 4% |
| За време на моите часови има добра работна атмосфера | 80% | 20% | / | / | / |
| Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | 80% | / | / | / | 20% |
| На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето | 80% | 12% | / | / | 8% |
| Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | 72% | 20% | / | / | 8% |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето | 64% | 28%/ | / | 8% | / |
| Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење. алкохол и дрога | 40% | 36% | 8% | / | 16% |
| Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 84% | 16% | / | / | / |
| Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | 68% | 24% | / | / | 8% |
| Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 68% | 32% | / | / | / |
| Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 76% | 24% | / | / | / |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 44% | 24% | / | / | 32% |

Анализа - бројчено/процентуално од Прашања за родители/старатели

Кое одделение е вашето дете/деца? Ве молиме обележете.

I ◻ II ◻ III ◻ IV ◻ V ◻ VI ◻ VII ◻ VIII ◻ IX ◻

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Податоци од родители/старатели*** | процент | процент | процент | процент | Процент |
| 1 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 82,05% | 17,95% | 0% | 0% | 0% |
| 2 | Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | 66,67% | 33,33% | 0% | 0% | 0% |
| 3 | Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 64,10% | 33,33% | 0% | 2,57% | 0% |
| 4 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 79,49% | 20,51% | 0% | 0% | 0% |
| 5 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 66,67% | 28,20% | 0% | 5,13% | 0% |
| 6 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | /61,53% | 35,90% | 0% | 0% | 2,57% |
| 7 | На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. | 74,36% | 23,08% | 0% | 2.,56% | 0% |
| 8 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | 87,18% | 12,82% | 0% | 0% | 0% |
| 9 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците и учениците | 79,49% | 20,51% | 0% | 0% | 0% |
| 10 | Училиштето добро се справува со дисциплината | 64,10% | 33,33% | 2,57% | 0% | 0% |
| 11 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | 61,54% | 33,33% | 5,13% | 0% | 0% |
| 12 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | 66,67% | 23,07% | 5,13% | 0% | 5,13% |
| 13 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | 56,41% | 33,33% | 7,70% | 0% | 2,56% |
| 14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. | 58,97% | 30,77% | 5,13% | 0% | 5,13% |
| 15 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | 56,41% | 28,21% | 2,57% | 0% | 12,82% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | 61,53% | 35,90% | 2,57% | 0% | 0% |
| 17 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 51,28% | 38,46% | 7,70% | 2,56% | 0% |
| 18 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 74,36% | 25,64% | 0% | 0% | 0% |
| 19 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 53,85% | 35,89% | 7,70% | 0% | 2,57% |

***Анализа - бројчено/процентуално од Прашања за ученици***

Обележи во кое одделение си ученик?

I □ II □ III □ IV □ V □ VI □ VII □ VIII □ IX □

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Податоци од 30 ученици*** | Бр. /процент | Бр. /процент | Бр. /процент | Бр. /процент | Бр. /процент |
| 1 | На часовите имам можност да учам на различни начини (преку проекти, игра, истражувања и сл.) | 22/72% | 8/26.6% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 2 | Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси | 15/50% | 12/40% | 2/6% | 1/3% | 0/0% |
| 3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 19/63.3% | 7/23.3% | 2/6% | 1/3% | 0/0% |
| 4 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја недела | 27/90% | 3/10% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 5 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.) | 26/86,66% | 1/3,3% | 1/3.3% | 1/3.3% | 1/3.3% |
| 6 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | 22/73,33% | 6/20% | 1/3.3% | 1/3.3% | 0/0% |
| | | | | | | |
| 7 | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | 27/90% | 3/10% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 8 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 14/46,66% | 10/33,33% | 2/6% | 2/6% | 0/0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови | 14/46,66% | 11/36,66% | 3/10% | 2/6.6% | 0/0% |
| 10 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно | 27/90% | 3/10% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 11 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици и од наставниците | 27/90% | 3/10% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 12 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето | 26/86,66% | 1/3,3% | 1/3,3% | 1/3,3% | 1/3,3% |
| 13 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | 27/90% | 3/10% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 14 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | 26/86,66% | 2/6.6% | 1/3.3% | 0/0% | 2/5,13% |
| 15 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето | 21/70% | 9/30% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 16 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | 24/80% | 6/20% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 17 | Учествувавм во работилници за заштита на штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства | 20/51,28% | 15/38,46% | 3/7,70% | 1/2,56% | 0/0% |
| 18 | Училиштето е чисто и уредно | 26/86,66% | 4/13,33% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |
| 19 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време | 28/93,33% | 2/6,66% | 0/0% | 0/0% | 0/0% |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Индикатори за подрачјето:**

**2.1 Постигања на учениците**
**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Одделенски книги,<br>- годишен извештај<br>- полугодишен извештај,<br>- записници од наставнички совети | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Во нашето училиште сите ученици учат на македонски јазик.Извештај за учебната 2023/24 по пол и предмети е дадена подолу во табелите.<br><br>Во нашето училиште нема ученици кои ја повторуваат учебната година. Сите ученици (100%) ја завршуваат учебната година, односно образовниот циклус. За тоа сведочат анализите од последните годишни извештаи, каде што не се појавува ученик што ја повторувал годината. |
| | Резултати од екстерни тестирања | На 04.10.2023 /24 се спроведе државно тестирање ПИСА на учениците од 6 одд по Македонски јазик |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Воспитанието и образованието на учениците со потешкотии во учењето претставува интегрален дел од единствениот образовен систем и како таков се третира и во нашето училиште. Напредокот и постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето редовно се следи од одделенските раководители, предметните наставници и педагошко-психолошката служба. Во училиштето редовно се одржуваат дополнителни и додатни часови. Дополнителната настава се реализира за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето. Додатните часови на кои се прошируваат знаењата се одржуваат за учениците коишто покажуваат натпросечен интерес и знаење со цел да се поттикнат и мотивираат да учествуваат на натпревари и конкурси . Во нашето училиште со една ученичка од шесто одделение и една ученичка од седмо одделение се работи по индивидуален образовен план. Со истите ученички една учебна година работеше образовен асистент каде што се покажа многу добро за нив затоа што успешно се вклопија во редовната настава Со овие ученици се работи со посебен пристап во редовната и дополнителната настава. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите на секое тромесечије од тековната учебна година редовно се информираат за постигањата на учениците со свикување на родителски средби а истите и електронски во е дневникот можат да го следат успехот на своите ученици. Родителите се во контакт со класните раководители и доколку има некој промени во начинот на однесување или намалување на работните активности се информираат во текот на учебна година. Родителите можат во секое време да дојдат во училиштето и да контактираат со предметните наставници за напредокот на својот ученик. Од спроведената анкета на прашањето дали училштето редовно ги информира родителите за и постигањата во учењето на учениците во училиште (не само на полугодие и на крајот на годината) од 39 испитаника 58.97% целосно се согласуваат, 30,77% се согласуваат и 5,12 % не се согласуваат. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

## ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОВНАТА 2023/24

| Одделение | Вкупно | | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | Успех | | Среден успех на паралелката | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | | | **м** | **ж** | | |
| | се | м | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | | | | Вкупен број на описно оценети ученици |
| **I** | 22 | 8 | 14 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 22 |
| **II** | 28 | 16 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 28 |
| **III** | 24 | 15 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 24 |
| **IV** | 21 | 9 | 12 | 16 | 76,19 | 2 | 9,52 | 3 | 14,29 | / | / | 21 | 100 | 4,36 | 4,97 | 4,56 | / |
| **V** | 14 | 5 | 9 | 12 | 85,72 | 1 | 7,14 | 1 | 7,14 | / | / | 14 | 100 | 4,54 | 5,00 | 4,77 | / |
| **I-V** | 108 | 53 | 55 | 28 | 80,95 | 3 | 8,33 | 4 | 10,72 | / | / | 35 | 100 | 4,64 | 4,20 | 4,66 | 74 |
| **VI** | 16 | 10 | 6 | 10 | 62.50 | 4 | 25,00 | 2 | 12,50 | 0 | 0 | 16 | 100 | 4,35 | 4,43 | 4,40 | / |
| **VII** | 24 | 12 | 12 | 17 | 70,83 | 2 | 8,33 | 5 | 20,83 | 0 | 0 | 24 | 100 | 4,03 | 4,84 | 4,40 | / |
| **VIII** | 18 | 10 | 8 | 7 | 3,89 | 7 | 3,83 | 4 | 22,2 | 0 | 0 | 18 | 100 | 3,75 | 4,27 | 4,01 | / |
| **IX** | 25 | 10 | 15 | 15 | 60,0 | 6 | 24,0 | 4 | 16,0 | 1 | 3,8 | 25 | 100 | 3,795 | 4,86 | 4,445 | / |
| **VI-IX** | **83** | **42** | **41** | **49** | **49,305** | **19** | **26,60** | **15** | **17,88** | **1** | **1,01** | **83** | **98,94** | **3,98** | **4,51** | **4,31** | / |
| **I-IX** | **191** | **95** | **96** | **74** | **58,27** | **28** | **22,05** | **20** | **15,74** | **1** | **0,79** | **126** | **99,21** | **4,18** | **4,37** | **4,48** | 74 |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

**IV одделение**

| Наставенпредмет | Вкупен број на оценети ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Недоволни | Средна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 21 | 15 | 2 | 1 | 2 | / | 4,42 |
| Англиски јазик | 21 | 17 | 0 | 1 | 3 | / | 4,42 |
| Математика | 21 | 9 | 7 | 2 | 3 | | 3,98 |
| Природни науки | 21 | 15 | 3 | 3 | / | | 4,53 |
| Општество | 21 | 11 | 5 | 5 | / | | 4,23 |
| Техничко образование и информатика | 21 | 16 | 2 | 3 | | | 4,57 |
| Музичко образование | 21 | 17 | 3 | 1 | / | / | 4.72 |
| Ликовно образование | 21 | 17 | 2 | 2 | / | / | 4,63 |
| ФЗО | 21 | 21 | 0 | 0 | / | / | 5,00 |
| Заштита на животна средина | 21 | 21 | 0 | 0 | / | / | 5,00 |
| ОЖВ | 21 | 21 | 0 | 0 | / | / | 5,00 |
| вкупно | 21 | | 24 | 18 | 8 | / | 4,55 |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

**<u>V одделение</u>**

| **Наставен предмет** | Вкупен бројна оценети ученици | **Одлични** | **Многу добри** | **Добри** | **Доволни** | **Недоволни** | **Средна оцена** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 14 | 12 | 1 | / | 1 | / | 4,71 |
| Англиски јазик | 14 | 10 | 3 | 1 | / | / | 4,62 |
| Математика | 14 | 10 | 3 | / | 1 | / | 4,54 |
| Природни науки | 14 | 9 | 4 | 1 | / | / | 4.57 |
| Општество и историја | 14 | 10 | 3 | 1 | / | / | 4,64 |
| Техничко образование | 14 | 12 | 2 | / | / | / | 4.85 |
| Ликовно образование | 14 | 13 | / | 1 | / | / | 4.85 |
| Музичко образование | 14 | 13 | 1 | / | / | / | 4.92 |
| ФЗО | 14 | 14 | / | / | / | / | 5.00 |
| Танцување | 14 | 14 | / | / | / | * | 5.00 |
| Заштита на животната средина | 14 | 13 | / | 1 | / | / | 4.85 |
| вкупно | 14 | 129 | 17 | 5 | 2 | / | 4.77 |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

**VI одделение**

| Наставен предмет | Вкупен број на оценети ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Средна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 16 | 6 | 5 | 2 | 3 | 3,90 |
| Англиски јазик | 16 | 11 | 4 | 1 | 0 | 4.63 |
| Германски јазик | 16 | 5 | 6 | 1 | 3 | 3,80 |
| Математика | 16 | 6 | 6 | 1 | 1 | 3.8 |
| Историја | 16 | 9 | 5 | 2 | / | 4,44 |
| Географија | 16 | 9 | 3 | 1 | 3 | 4,13 |
| Природни науки | 16 | 7 | 5 | 1 | 3 | 4.00 |
| Техничко образование | 16 | 9 | 4 | 3 | 0 | 4,40 |
| Информатика | 16 | 8 | 5 | 3 | 0 | 4,31 |
| Ликовно образование | 16 | 8 | 8 | 0 | 0 | 4.50 |
| Музичко образование | 16 | 13 | 0 | 1 | 2 | 4,50 |
| ФЗО | 16 | 15 | / | 1 | / | 4,88 |
| Граганско образование | 16 | 9 | 6 | 1 | 0 | 4,50 |
| Религиско и културно наследство | 16 | 15 | / | 1 | / | 4,90 |
| Етиканарелигиите | 16 | 15 | / | 1 | / | 4,90 |
| вкупно | 16 | 224 | 57 | 20 | 15 | 4,38 |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

**VIIодделение**

| Наставенпредмет | Вкупен број на оценети ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Недоволни | Среднаоцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 24 | 15 | 3 | 2 | 4 | / | 4,21 |
| Англиски јазик | 24 | 15 | 3 | 3 | 3 | / | 4,25 |
| Германски јазик | 24 | 13 | 5 | 1 | 5 | / | 4,09 |
| Математика | 24 | 14 | 4 | 2 | 4 | / | 4,17 |
| Историја | 24 | 17 | 3 | 4 | / | / | 4.54 |
| Географија | 24 | 18 | 2 | 4 | / | / | 4,56 |
| Етика | 24 | 16 | 1 | 4 | 3 | / | 4,25 |
| Биологија | 24 | 14 | 1 | 3 | 6 | / | 3,96 |
| Информатика | 24 | 18 | 3 | 3 | / | / | 4,63 |
| Ликовно образование | 24 | 22 | / | 1 | 1 | / | 4,79 |
| Музичко образование | 24 | 18 | 1 | 2 | 3 | / | 4,42 |
| ФЗО | 24 | 23 | 1 | / | / | / | 4,96 |
| Вештини на живеење | 24 | 20 | 4 | / | / | / | 4,84 |
| вкупно | 24 | 223 | 28 | 29 | 29 | 0 | 4,44 |

## Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“

**<u>VIII одделение</u>**

| Наставен предмет | Вкупен број на оценети ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Недоволни | Средна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 18 | 6 | 7 | 3 | 2 | / | 3,90 |
| Англиски јазик | 18 | 9 | 3 | 3 | 3 | / | 3,96 |
| Германски јазик | 18 | 8 | 3 | 4 | 3 | / | 3,86 |
| Математика | 18 | 5 | 5 | 3 | 5 | / | 3,55 |
| Историја | 18 | 7 | 6 | 5 | / | / | 4,11 |
| Географија | 18 | 8 | 5 | 4 | 1 | / | 4,14 |
| Граѓанско образование | 18 | 2 | 8 | 8 | / | / | 3,65 |
| Биологија | 18 | 5 | 1 | 8 | 4 | / | 3,41 |
| Физика | 18 | 4 | 3 | 7 | 4 | / | 3,41 |
| Хемија | 18 | 5 | 3 | 6 | 4 | / | 3,49 |
| Ликовно образование | 18 | 12 | 2 | 3 | 1 | / | 4,42 |
| Музичко образование | 18 | 11 | 3 | 3 | 1 | / | 4,30 |
| ФЗО | 18 | 16 | 2 | / | / | / | 4,71 |
| Изборен Проекти од информатика | 18 | 18 | / | / | / | / | 5,00 |
| вкупно | 18 | 116 | 51 | 57 | 25 | 0 | 4,02 |

**IX одделение**

| Наставен предмет | Вкупен број на оценети ученици | Одлични | Многу добри | Добри | Доволни | Недоволни | Средна оцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 25 | 15 | 3 | 4 | 3 | / | 4,17 |
| Англиски јазик | 25 | 19 | 2 | 4 | / | / | 4,605 |
| Германски јазик | 25 | 14 | 3 | 2 | 6 | / | 4,125 |
| Математика | 25 | 14 | 1 | 5 | 5 | / | 4,01 |
| Историја | 25 | 15 | 4 | 6 | / | / | 4,365 |
| Географија | 25 | 16 | 4 | 5 | / | / | 4,375 |
| Граѓанско образование | 25 | 17 | 2 | 5 | 1 | / | 4,41 |
| Биологија | 25 | 15 | 3 | 6 | 1 | / | 4,28 |
| Физика | 25 | 13 | 1 | 5 | 6 | / | 3,885 |
| Хемија | 25 | 17 | 2 | 5 | 1 | / | 4,405 |
| Ликовно образование | 25 | 20 | 3 | 1 | 1 | / | 4,71 |
| Музичко образование | 25 | 20 | 2 | 3 | / | / | 4,68 |
| ФЗО | 25 | 22 | 3 | / | / | / | 4,875 |
| Програмирање | 25 | 25 | / | / | / | / | 5,00 |
| Иновации | 25 | 22 | 1 | 2 | / | / | 4,795 |
| вкупно | 25 | 268 | 32 | 51 | 23 | / | 4,46 |

**Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| - Одделенски книги<br>-Годишен извештај<br>-Главна книга<br>- Разговор со стручната служба ( психолог, педагог),<br>- Евиденција на заминати и новодојдени ученици (преведници)<br>- Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците во текот на целата учебна година, прибира податоци, ги анализира и разгледува причините за отсуството на учениците од наставата. Училиштето постојано се залага за зголемување на редовноста, мотивирајќи ги учениците и нудејќи им високо квалитетен образовен процес, имплементирајќи разни проекти, вклучувајќи ги во разни активности, го следи трендот во информатичката технологија и наука воопшто. Родителите се континуирано информирани за изостаноците на учениците.<br><br>**Во последната учебна година просечниот број на оправдани изостаноци е околу 7,79 изостаноци по ученик. Причината за поголемиот број изостаноци е подолготрајното отсуството на неколку ученици поради болест.** |

| | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 |
|---|---|---|
| Вкупно ученици | **201** | **191** |
| **Оправдани** | 1243 | 1384 |
| **Неоправдани** | 370 | 104 |
| **Вкупно изостаноци** | 1613 | 1488 |

Во нашето училиште нема идентификувани групи ученици кои се подложни на осипување од училиштето поради етничка припадност, економско сиромашни семејства и други групи.

Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, со тоа што ги доставува, односно ги бара информациите за образовниот развој на учениците и ги зема предвид при натамошна образовна работа со ученикот

| | | |
|---|---|---|
| | Советување на родители/старатели и ученици | На родител/старател се праќа покана на домашна адреса со доставувач за да се известат за слабиот успех на ученикот ако има 3 единици или повеќе и во рок од 8 дена треба да се јават кај учолишниот психологот на училиштето доколку не можат да дојдат во училиштето за тој временски период треба да ја известат навреме педагошко-психолошката служба. Учениците со слаб успех се повикуваат на советување кај училишниот психологот на училиштето. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Тргнувајќи од основната цел и задача на училиштето да биде во служба и функција на учениците, нашиот колектив исклучиво многу се залага да им помогне и да им биде поддршка истовремено.<br>Училиштето преку редовно изведување на наставата, соработката со локалната средина (посети, набљудување), соработката со родителите и педагошко-психолошката служба, обезбедување поголема нагледност, компјутерски училници, кабинети и реализација на проекти за осовременување на наставата, ги подобрува постигањата на учениците и се намалуваат изостаноците на ниво на училиште.<br>Училиштето ги подобрува постигањата на учениците преку дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Редовно се одржуваат дополнителни и додатни часови кои се евидентирани во посебен дел во дневниците. Учениците кои што покажуваат натпросечен интерес и знаење се поттикнуваат и мотивираат да земат учество на натпревари на општинско и државно ниво, како и редовно да учествуваат на актуелните конкурси. За таа цел редовно се одржуваат додатни часови, на кои се прошируваат знаењата. Дополнителната настава се реализира за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето вложува во следење на постигнувањата на учениците со ангажирање на сите субјекти во воспитно – образовниот процес. Училиштето врши навремено информирање на сите субјекти за постигнатиот напредок и успех во наставата при што висок процент од учениците и нивните родители и наставниците се задоволни. Задоволни сме и со тоа што нема ученици кои ја повторуваат годината. Во рамките на работата на психолошко-педагошката служба и другите структури во училиштето постои изразена соработка со цел да се помогне на оние ученици кои имаат потешкотии во следењето на наставата и во совладување на наставните содржини. За напредокот на овие ученици редовно се информираат родителите на индивидуални средби со наставниците. Училиштето не прави поделба на учениците по полова припадност. Потребна е поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и надминување на традиционалната настава (кај наставниците со мало работно искуство), додека наставниците со поголемо работно искуство ги следат современите педагошки тенденции, ги внесуваат иновациите и знаењата од посетените семинари и обуки. Во нашето училиште се почитува законот за основно образование во однос на правата и обврските на учениците и наставниците.

**Силни страни**

- Наставата е прилагодена според можностите и потребите на учениците.
- Голем дел од учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех.
- Училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците без разлика на половата припадност.
- Училиштето превзема одредени активности да ги подобри постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето.
- Училиштето нуди низа воннаставни и вонучилишни активности, активно учество на учениците на конкурси и натпревари.
- Постои соработка помеѓу учениците, стручната служба и наставниците.
- Училиштето располага со кабинети по Информатика, Техничко образование, Природни науки
- Во сите училници има компијутер и проектор
- Библиотеката во училиштето располага со голем фонд на книги
- Сите ученици го завршуваат образованието и нема повторувачи..

**Слаби страни**

- Потреба од надминување на традиционалната настава (голем дел од наставниот кадар (предметна настава) се со мало работно искуство поради што се наметнува потребите од нивна едукација за реализација на активна и интерактивна настава)
- Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби.
- Потреба од сручни лица (образовни асистенти ) за работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето

**Приоритети**

Зајакнување на информираноста на родителите за воннаставните и вонучилишните активности.

Соодветна обука на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и за методи и форми на активна и интерактивна настава.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Кодексот на однесување;<br>- Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците;<br>- Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки; -<br>- Правилникот за оценувањето,напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците;<br>- Статутот на училиштето;<br>- Куќниот ред на училиштето;<br>- Пофалбите, наградите, признанијата и др;<br>- Интервју, прашалници и анкети на учениците за степенот на демократско донесување на одлуки. | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја негува родовата сензитивност и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има Кодекс на однесување, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури, пропишани со кодексот, и таквите процедури се спроведуваат во практика.<br>Училиштето има Кодекс на однесување, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури, пропишани со кодексот, и таквите процедури се спроведуваат во практика. |
| | Училишна клима | Училишната клима на учениците и вработените е доста позитивна. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Проблемите со дисциплината и редовноста делумно резултираат со изрекување педагошки мерки што може да се избегнат до колку навремено се идентификуваат и се разрешуваат во соработка со вработените, стручната служба и родителите. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Училиштето има демократски формиран ученички Парламент и Училишен Правобранител, кои учествуваат во донесувањето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес на учениците. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности;<br><br>- Структурата на паралелките;<br><br>- Интервјуата со учениците, родителите и со стручната служба;<br><br>- Прашалниците за учениците и за родителите; | Познавање и почитување на правата на децата | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничката, културната, верската и јазичната разновидност. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br>Во сликовитиот и пишаниот материјал што е изложен во холот и ходниците на училиштето, присутни се елементи кои укажуваат на позначајните датуми и историски настани од општински, национален и светски карактер, како и материјал што го покажува прифаќањето на Р.Северна Македонија како мултикултурна држава. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Извештајот за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>- Записниците од Советот на родители и родителските средби;<br>- Анкетите и интервјуата со директорот, родителите, наставниците и со стручната служба;<br>- Педагошката евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност);<br>- Статутот на училиштето;<br>- Договорот со деловната заедница;<br>- Проектите на училиштето во | Соработка на училиштето со родителите/ старателите | Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во вонаставните активности.<br>Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. |

| | | |
|---|---|---|
| функција на развивање на практичните вештини на учениците;<br>- Записниците и одлуките од состаноците на Училишниот одбор;<br>- Организираните трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница;<br>- Прирачник Како да се стане еко-училиште,<br>- Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма), | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. |

**Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| - Кодексот на однесување; -<br>- Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците;<br>- Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки; -<br>- Правилникот за оценувањето, напредувањето, | Превенција и заштита од насилство | Училиштето активно спроведува работилници за сречување на насилството, во кои активно учество земаат наставниците, стручната служба и учениците од училишниот парламент. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога преку презентации, работилници и слично. |

| | | |
|---|---|---|
| полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците;<br>- Статутот на училиштето;<br>- Куќниот ред на училиштето; -<br>- Пофалбите, наградите, признанијата и др; | Квалитет на достапна храна | Училиштето редовно објавува тендери за пријавана достава на добавувач на храна, но за жал нема доволен интерес од страна на добавувачите и родителите. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на добро ниво. Редовно се одржува хигиената како во учлниците и канцелариите, така и во тоалетите и училишните ходници и училишниот двор. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Безбодноста е на високо ниво. Училишната здрада е обезбедена со видео надзор кој работи 24 часа. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Од страна на Општина Кочани на почетокот од учебната година се доделуваат пакети со училишен прибор. Училиштето помага на учениците од социјално загрозените семејства со поддршка во вид на училишен прибор, финансиска помош за училишните екскурзии обезбедена од донатори и слично. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во нашето училиште е мал бројот на ученици со поголеми здравствени потешкотии. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Во училиштето се организираат работилници за запознавање на менталното здравје и подобрување на социо-емоционалната добросостојба на учениците. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Презентирање и насочување на учениците за професионално ориентирање и прашалници со помош на кои учениците сами ги увидуваат нивните интереси и способности. Организирани презентации и посети од страна на средните училишта од републиката. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето се грижи за одржување на здравјето и безбедноста на учениците.<br>Преовладуваат добро развиени односи каде се почитуваат правата на учениците и се искажува разбирање за нивните потреби. |
| **Силни страни**<br>- Многу добра училишна клима во училиштето<br>- Многу добро развиени односи во училиштето<br>- Трудољубив наставен кадар<br>- Примерно поведение кај сите ученици<br>- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.<br>- Вклученост во голем број проекти |
| **Слаби страни**<br>- Недоволно развиен систем за наградување на учениците<br>- Недоволен ангажман за поинтензивно вклучување на родителите во училишните активности |
| **Приоритети**<br>- Одржување на добрата училишната клима и односите во училиштето<br>- Промовирање на постигањата на учениците<br>- Поактивно вклучување на родителите во училишните активности<br>- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Статут на училиштето<br>• Извештај од состаноците на УО<br>• Член 128 од Законот на основно образование<br>• Годишна програма за | Управување со училиштето | ООУ „Крсте Петков Мисирков“има Статут со кој се уредуваат организацијата и вршењето на воспитно-образовната дејност називот,седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и другите прашања од значење за работата на основното училиште.<br>Статутот на училиштето е донесен од страна на УО и за него согласност има дадено Министерството.<br>Според Статутот надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани. |

| | | |
|---|---|---|
| работа<br>• Годишната програма за работа;<br>• Планот за развој на училиштето;<br>• Евидентна книга на библиотеката;<br>• Платен список;<br>• Распоредот на часови; Полугодишниот и годишниот извештај;<br>• Записниците од работата на стручните активи;<br>• Анкети од наставници<br>• Разговори со стручни соработници<br>• Интервју со Директорот | Раководење со училиштето | Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработенитеи нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна само-евалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето ја спроведува методологија на седум чекори еко-менаџмент и редовно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма. Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **1.** Орган на раководење во училиштето е Директорот и тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење во училиштето. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор и тој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите на работата се јасно дефинирани со Деловникот на работа на УО. Што се однесува до пропорционалната полова застапеност е установено дека таква има бидејќи Училишниот одбор е составен од 9 члена и тоа 4 жени и 5 мажи. Нашето училиште не е мултиетничко, поради што е и оправдано неисполнувањето на критериумот застапеност на членови по етнички состав. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и други образовни структури.<br>**2.** Надлежностите за управување и за административни задачи се дефинирани со Статутот на училиштето, засновано врз основа на Законот за основно образование<br>**3.** Раководниот тим и органот на управување во соработка со стручни комисии одржува редовни и вондредни состаноци и седници, разменува идеи и решава различни тековни проблеми настанати во процесот на извршување на основната дејност на училиштето<br>**4.** Раководниот тим одржува редовни состаноци, зависно од одделни битни проблеми и прашања,се одржуваат и вондредни состаноци.На нив воглавно присуствуваат сите уредно поканети членови, освен во исклучителни случаи кога отсуството е претходно најавено од оправдани причини. Состаноците се водат по однапред утврден Дневен ред, а ги свикува Директорот или Претседателот на Училишниот одбор по барање на вработените. На состаноците се водат записници кои се уредно потпишани од записничарот и претседателот и како такви се чуваат во архивата на училиштето. За истото вработените и членовите се информираат преку соопштенија на огласна табла и лични покани. |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | Во училиштето има 11 училнички простории од кои 3 се кабинети, во нив дел од инвентарот  е обновен  за  потребите на вработените и учениците.<br><br>Заеднички простории се следните: наставничка канцеларија, канцеларии за директор, педагошко-психолошка служба, секретар и благајник и просторија за хигиеничари. Во училиштето постојат кабинети по информатика, техничко образование и кабинет по хемија/природни науки.<br>Во училиштето има училишна медиатека. Во неа има околу 10.000 книги. Од педагошката литература располага со одреден број на наслови кои се сместени во просторијата на училишен педагог. Популарна литература има околу 80 наслови.<br>Училиштето располага со вкупно 34 персонализирани десктоп компјутери, 13 лаптоп компјутери, 25 мали таблети, 15 проектори, 2 смарт табли и 10 магнетни табли.<br>Стариот дел од училиштето е целосно реновиран и е во функција на учениците и вработените.<br>Санитарните јазли се комплетно реновирани на двата спрата на учелиштето иcе во функција.<br>Во училишниот двор има спортска сала целосно опремена (без греење) и е во фукција за сите ученици и вработени.<br>Опремен е кабинетот по хемија со лабораториски прибор (епрувети, пипети, бирети, мензури, ерленмаери, толчник, аван, дигитални пипети, инки, заштитни очила и заштитни ракавици, лабораторсики мантили).<br>Недостасуваат хемикалииза изведување на конкретни експерименти.<br>Кабинетот по хемија е во функција за користење и од учениците и од вработените |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | Професионалниот развој има значајно влијание на верувањата на наставникот и на неговата наставничка практика; влијае на учењето на ученикот и на имплементацијата на образовните реформи; има влијание на воспоставување на наставничка конекција, ја јакне тимската работа и соработка како во училницата, така и во училиштето на локално, национално ниво. Влијае на определување нацелите (конкретни, реалистични и променливи) и задачите на наставата и учењето.<br>Процесот на професионално усовршување во училиштето се реализира низ разновидни модели кои покажуваат своја ефикасност, ефективност во зависност од конкретните услови, националните програми за професионален развој, од личниот ангажман иамбициозност на наставникот. Најголем број од наставниците сметаат дека е потребен поголем и континуиран број на организирани задолжителни обуки.<br>Наставниците посетуваат семинари организирани од МОН И БРО, семинари за усовршување кои ги посетуваат организирано одучилиштето или самоиницијативно. Во училиштето се изготвени акциски планови со планирани активности, носители на активностите, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех.<br>Со цел подобрување на ефективноста и креативноста на работата, наставниот кадар ажурира портфолија за професионален развој.<br>Изготвена е училишна програма за професионален развој, доставени се листи до стручните активи за реализација на личниот план за професионален развој. Педагошката служба води уредна евиденција за активностите спроведени од страна наставниците прекупрофесионалното досие, водењето педагошки картон и се дел од нивното перманентно стручно усовршување. Во училиштето постојано се следи и прави проценка за да се детектират потребите и приоритетите на наставниот кадар, стручните соработници и раководниот тим. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информирмира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирањеи постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.<br>– Училиштето многу добро води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозиции,користејќи притоа современи методи техники при работата.<br>– Училиштето континуирано ги идентифиува потребите за стручно усовршување на кадарот. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото<br>знаење од усовршувањето.<br>– Училиштето систематски ги планира и ги обезбедува материјално-техничките средства.<br>Училиштето, по потреба интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата научилиштето. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со раководното лице - Дирекорот во училиштето | Процедури за креирање на училишната политика | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата ивредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.<br>Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите научилиштето.<br>Вработените, родителите и учениците се запознаени со начинот на остварување на целите и нивно подобрување<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.<br>- Вработените активно учествуваат во креирањето и вклучувањето на еколошкото образование и заштитата наживотната средина во креирањето на училишната политика. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од развојно планирање | – Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивнотопоставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.<br>Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштетоги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирањеи постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.<br>– Училиштето многу добро води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозиции,користејќи притоа современи методи техники при работата.<br>– Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Обезбедувањето на финансиските средства неопходни за подобрувањето на квалитетот на наставата може и треба да се изврши преку добивање на додатоци и разни спонзорства од страна на локалната самоуправа (која и досега помага), родителите, локалната средина, МОН, невладини организации и сл. Доколку горе наведените субјекти директно или индиректно инволвирани во работата на училиштето се подобро запознаени и консултирани за начинот на раководење и трошење на училишните средства тие ќе покажат поголема мотивираност и волја во давањето на финансиска подршка во училиштето за создавање услови за изведување на современа и поквалитетна настава. Транспаренноста во управувањето со училишните финансии обезбедува зголемување на нивото на доверба помеѓу вработените, директорот, родителите, претставниците од локалната самоуправа и локалната средина воопшто го зајакнува нивното заемно разбирање и мотивираност за соработка на добро ниво. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности.<br>Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат. |
| **Силни страни**<br>-Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности<br>-Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат. |
| **Слаби страни**<br>-Во релацијата училиште-родител се бара поголема соработка меѓу наставниот кадар и раководниот тим.<br>-Слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето<br>-Родителите отежнато добиваат повратна информација за одлуките на Советот на родители и Училишниот одбор<br>- Недоволна информираност на родителите во врска со грижата за социо-емоционалниот равој на учениците.<br>-Релацијата ученик – училиште истакнува послаби можности за изразување на учениците. |
| **Приоритети**<br>- Развивање на образовната институција за оспособување на ученици со јасна визија за иднината, ученици кои ќе ги развиваат своите потенцијали, можности и индивидуални способности.<br>- Учениците со задоволство да се образуваат во образовните институции и по завршување на образованието успешно да одговорат на современите предизвици.<br>- Континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар за постигнување на образовната и училишната визија, како и меѓусебно почитување и примената на принципот за взаемно почитување и толеранција.<br>- Зголемување на соработката меѓу родител-училиште, особено во нивната информираност.<br>- Овозможување на слободно изразување на учениците. |

## ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ “Крсте Петков Мисирков” период 2022 до 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ ________________ година) Општинското основно училиштеООУ,,Крсте Петков Мисирков''Оризари изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 04.06.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1.Љубица Гоцевска –училишен психолог

2.Кристина Ефремова –одделенски наставник

3.Голубина Василева –одделенски наставник

4.Маргарета Велкова-предметен наставник

5.Маријан Стоименов –предметен наставник

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 25.04.2024 до 05.07.2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Голубина Василева,Елена Тасевски |
| 2. Постигања на учениците | Маргарита Велкова |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Маријан Стоименов, Љубица Гоцевска |
| 4. Управување и раководење | Кристина Ефремова,Маријан Стоименов |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Крсте Петков Мисирков“**

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 05.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците редовно ги изработуваат предвидените планирања за реализација на наставните планови и програми. Трудовите на учениците транспарентно се изложуваат и редовно се објавуваат на страната на училиштето. Работата на учениците постојано се следи од страна на наставниците и стручните соработници.<br>Родителите имаат можност да контактираат со наставниците лично за време на одредени временски термини. |
| **Силни страни**<br>Позитивна клима за работа на наставниците и на учениците<br>Различни форми на интеракција со учениците<br>Нема полова дискриминација<br>Соработка меѓу родителите и наставниците<br>Редовно учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и постигнување на високи резултати.<br>Инклузија на учениците со посебни образовни потреби во секојдневната настава. |
| **Слаби страни** Недоволна стручна литература<br>Необновени учебници по голем број на наставни предмети<br>Недостаток на учебници по одредени наставни предмети<br>Недостасува стручно лице – специјален едукатор и рехабилитатор<br>Начинот на затоплување на просториите во ПУ во с.Прибачево<br>Реконструкција на санитарните јазли во с.Прибачево |
| **Приоритети**<br>Обезбедувањеуште подобри услови за работа на наставниците и учениците, преку дообезбедување на дополнителна опрема и останати средства за непречено и полесно реализирање на наставно-образовниот од страна на наставниците, а се разбира и наставно-образовни средства и помагала за учениците кои ќе придонесат за полесно совладување на наставно-образовните содржини од страна на учениците<br>Стручно усовршување на наставниците по сите предмети во одредени области.<br>Поголема вклученост на наставниците и учениците во идни проекти<br>Подобрена комуникација на релација родител – наставник – ученик<br>Обезбедување на стручно лице кое ќе помага на учениците со потешкотии во наставата.<br>Учество на училиштето во проекти и останати проекти кои би биле од интерес и значење за училиштето |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме** Училиштето вложува во следење на постигнувањата на учениците со ангажирање на сите субјекти во воспитно – образовниот процес. Училиштето врши навремено информирање на сите субјекти за постигнатиот напредок и успех во наставата при што висок процент од учениците и нивните родители и наставниците се задоволни. Задоволни сме и со тоа што нема ученици кои ја повторуваат годината. Во рамките на работата на психолошко-педагошката служба и другите структури во училиштето постои изразена соработка со цел да се помогне на оние ученици кои имаат потешкотии во следењето на наставата и во совладување на наставните содржини. За напредокот на овие ученици редовно се информираат родителите на индивидуални средби со наставниците. Училиштето не прави поделба на учениците по полова припадност. Потребна е поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и надминување на традиционалната настава (кај наставниците со мало работно искуство), додека наставниците со поголемо работно искуство ги следат современите педагошки тенденции, ги внесуваат иновациите и знаењата од посетените семинари и обуки. Во нашето училиште се почитува законот за основно образование во однос на правата и обврските на учениците и наставниците.

**Силни страни**

- Наставата е прилагодена според можностите и потребите на учениците.
- Голем дел од учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех.
- Училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците без разлика на половата припадност.
- Училиштето превзема одредени активности да ги подобри постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето.
- Училиштето нуди низа воннаставни и вонучилишни активности, активно учество на учениците на конкурси и натпревари.
- Постои соработка помеѓу учениците, стручната служба и наставниците.
- Училиштето располага со кабинети по Информатика, Техничко образование, Природни науки
- Во сите училници има компијутер и проектор
- Библиотеката во училиштето располага со голем фонд на книги
- Сите ученици го завршуваат образованието и нема повторувачи..

**Слаби страни**

- Потреба од надминување на традиционалната настава (голем дел од наставниот кадар (предметна настава) се со мало работно искуство поради што се наметнува потребите од нивна едукација за реализација на активна и интерактивна настава)
- Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби.
- Потреба од сручни лица (образовни асистенти ) за работа со ученици кои што имаат потешкотии во учењето

**Приоритети**

Зајакнување на информираноста на родителите за воннаставните и вонучилишните активности.

Соодветна обука на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и за методи и форми на активна и интерактивна настава.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето се грижи за одржување на здравјето и безбедноста на учениците.

Преовладуваат добро развиени односи каде се почитуваат правата на учениците и се искажува разбирање за н

**Силни страни**

- Многу добра училишна клима во училиштето
- Многу добро развиени односи во училиштето
- Трудољубив наставен кадар
- Примерно поведение кај сите ученици
- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од
- Вклученост во голем број проекти

**Слаби страни**

- Недоволно развиен систем за наградување на учениците
- Недоволен ангажман за поинтензивно вклучување на родителите во училишните активности

**Приоритети**

- Одржување на добрата училишната клима и односите во училиштето
- Промовирање на постигањата на учениците
- Поактивно вклучување на родителите во училишните активности
- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности.

Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат.

**Силни страни**

-Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности

-Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат

| Слаби страни |
| --- |
| -Во релацијата училиште-родител се бара поголема соработка меѓу наставниот кадар и раководниот тим.<br>-Слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето<br>-Родителите отежнато добиваат повратна информација за одлуките на Советот на родители и Училишниот одбор<br>- Недоволна информираност на родителите во врска со грижата за социо-емоционалниот равој на учениците.<br>-Релацијата ученик – училиште истакнува послаби можности за изразување на учениците |
| **Приоритети** |
| - Развивање на образовната институција за оспособување на ученици со јасна визија за иднината, ученици кои ќе ги развиваат своите потенцијали, можности и индивидуални способности.<br>- Учениците со задоволство да се образуваат во образовните институции и по завршување на образованието успешно да одговорат на современите предизвици.<br>- Континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар за постигнување на образовната и училишната визија, како и меѓусебно почитување и примената на принципот за взаемно почитување и толеранција.<br>- Зголемување на соработката меѓу родител-училиште, особено во нивната информираност.<br>- Овозможување на слободно изразување на учениците. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

**Комисија за спроведување на СЕУ:**
Љубица Гоцевска-училишен психолог
Маријан Стоименов -предметен наставник
Кристина Ефремова-одделенски нмаставник
Маргарета Велков -предметен наставник
Голубина Василева одделенски наставник